Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
08-452/4
30.07 2021 год.

Врз основа на член 36, ст.1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр. 5/02) и член 21, став 1, точка 12 од Статутот на Општина Градско, Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 30.07.2021 година донесе:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2021 година**

Во Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Градско за 2021 година, бр.08-488/8 30.12.2020 год., во точката **IV.3 Изградба и реконструкција на улици во Н. Градско во т. 2** се додава нова точка 2.1. која гласи:

2.1. Реконструкција на улица „Староградска“ во Долно Градско крак 1 во должина од 450 метри и крак 2 во должина од 100 метри. Вредноста на проектот изнесува 2.242.000,00 денари. Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Градско и други институции.

Точката **3.** станува точка **4.** текстот во неа се заменува и гласи:
**4.** Реконструкција на улица Панко Брашнаров и крак од улица Панко Брашнаров со атмосферска канализација во вкупна должина од 161 метар и пресметковна вредност од 2.260.667,77 денари. Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на општината и други институции.

Во точката **IV.7** по точката **2** се додава нова точка **3** која гласи:

**3.**Тампонирање на пристапен пат до земјоделски површини во с. Виничани траса дел 1 во должина од 500 м и траса дел 2 во должина од 400 м. Пресметковната вредност на овој проект за траса дел 1 изнесува 629.825,00 денари, а за траса дел 2 во износ од 96.760,00 денари или вкупно 726.585,00 денари, средства обезбедени од страна на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија.

По точката **IV.9** се додава нова точка **IV.10** која гласи:

**IV.10 Реконструкција на дел од локален пат Градско –Подлес**
**1.**Реконструкција на дел од локален пат Градско-Подлес во должина од 143 метри. Вредноста на проектот изнесува 826.000,00 денари. Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Градско и други институции.

Точката **IV.10** Тековно одржување на постојните локални патичта, нивна санација и зимско одржување на проодноста на патиштата и улиците во општината станува точка **IV.11**.

Оваа програма влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Градско".

Совет на Општина Градско
Претседател
Александар Јорданов